Локална установа од областа на културата
ГРАДСКИ МУЗЕЈ
Бр. 01-12/1
05.02 2025 год
Крива Паланка

Врз основа на член 13 од Статутот на Л.У Градски Музеј – Крива Паланка (бр. 02-78/1 од 01.06 2017), а во врска со член 11 од Законот за музеите (Службен весник на РМ бр. бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 85/15, 152/15 и 39/16), директорот на ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка поднесува

# Извештај за работа на Локалната Установа „ГРАДСКИ МУЗЕЈ “ – Кр.Паланка за 2024 година

## Темелни принципи

Тргнувајќи од децентрализираниот модел на управување и финансирање на културата и културното наследство како и од стремежите за воспоставување на европски принципи на работа и развој, ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка изработи **Извештај за работа на Музејот за 2024 г**. кој што ги опишува постигнатите цели, приоритети, реализираните активности и финансиските средства со кои што се одвиваше дејноста на Музејот во 2024 год.

## Постигнати Цели

Согласно Годишната Програма за работа на Музејот за 2024 г и Програмата за развој на ЛУ Градски музеј Крива Паланка 2021-2024 Музејот во 2024 според можностите работеше на постигнување на утврдените цели за развој на дејноста кои што произлегуваат од базичните принципи на заштита и искористување на културно – историското наследство со примена на современа методологија на културниот менаџмент:

- Заштита, валоризација и презентација на културно – историското наследство на Кривопаланечкиот регион.
- Поттикнување на меѓу-институционална соработка на локално ниво и интердисциплинарен пристап.
- Институционална надградба на установите задолжени за културата и културното наследство.
- Подобрување на менаџментот во културата и културното наследство.
- Искористување на културата и културното наследство како ресурс за економски развој.

## Достигнати Приоритети

Имајќи ги предвид зацртаните цели и инструментите за нивно достигнување Музејот во текот на 2024 година работеше на утврдените приоритети важни за развој на музејската дејност, кои подолу ги потенцираме:

- Собирање, истражување, конзервација и презентација на етнолошкото духовно и материјално наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на археолошкото наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на историското наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на архитектонското – градителското наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на црковно-историското и уметничко наследство на кривопаланечкиот регион.

## Вовед

Градскиот Музеј во Крива Паланка е формиран како Локална Установа од Областа на Културата. По својата форма тој претставува **ОПШТ МУЗЕЈ** кој што ги обединува следните музеолошки дисциплини во себе: ***археолошката, етнолошката, историската и историјата на уметноста.*** ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка е институционалниот носител на целокупната музејска дејност во општината / регионот и својата годишна програма ја реализира во соработка со сите релевантни органи, институции, установи и организации на национално и локално ниво.

Во исполнување на Годишната програма за работа Музејот се водеше од следните стратешките принципи кои произлегуваат од Програмата за развој на ЛУ Градски музеј Кр. Паланка за периодот 2021 – 2024 чии што одредби ги следевме и во 2024 и тоа:

- Развој на музејската дејност преку имплементација на институционални и инвестициски активности.
- Донесување и имплементација на потребните нормативно – правни акти и одлуки во функција на двата типа на активности.
- Локација и обезбедување на средства за финансирање на активностите.

## Расположливи Ресурси во 2024 година

### - технолошки ресурси

Л У Градски музеј Кр. Паланка својата дејност во 2024 година ја одвиваше во зградата на музејот, т.е поранешниот Дом на АРМ или уште по поранешниот Официрски Дом. Условите за работа во Музејот се модерни, технолошки современи и удобни. На располагање на вработените, лицата ангажирани по договор за привремени вработувања и волонтерите во Музејот се 4 (четири) модерно опремени канцеларии, библиотека, депо-а за предмети, продавница за сувенири и 3 (три) изложбени сали за постојаната етнолошка, постојаната историска и постојаната археолошка поставка (419м²) опремени со современа опрема за заштита според музеолошките стандарди. Во 2013 беше отворена и Уметничката галерија при што Музејот се здоби со уште една сала за изложување на тековни (времени) изложби, поставки и др. активности. Во 2019 година Музејот се здоби со дополнителен простор (зграда) поранешен објект „Школо“ во с. Градец од 267м². Во рамките на овој објект, Музејот работи на развој на едукативен туризам базиран на културното наследство како и ресурсна база за археолошки истражувања и други научни истражувања.

Во текот на зимскиот период Музејот има проблем со загревање на изложбениот простор и салите (заради коешто во зимскиот период се соочува со потешкотии со организирањето и одржувањето на своите настани) но истиот полека се надминува, со скромно но континуирано инвестирање во изведба на системот на централно затоплување.

### - човечки ресурси

Во 2024 година Музејот својата дејност ја извршување со следните човечки ресурси: 6 (шест) постојано вработени лица и тоа: **Драган Величковски** / директор (Етнолог) и **Наталија Милковска** (Етнолог), **м-р Мартин Додевски** (Историчар), **Дијана Ангеловска** (Документатор), **Ѓорѓи Костовски** (Историчар на уметноста) како и 1 техничко лице **Маја Младеновска** (хигиеничар).

Во 2024 г. за имплементацијата на поважните проекти на Музејот како што се: „Славиште на преминот од доцната антика до средниот век – сондажни археолошки рекогносцирања во с. Псача“ и „Археолшки истражувања на локалитет „Градиште“ с. Градец“ како и проектот: „Заштита на музејскиот материјал (археолошки предмети) од локалитет „Градиште“ с. Градец“ повремено беа ангажирани уште неколку стручни и компетентни надворешни лица од нашиот град: **Цоне Крстевски** (археолог), **м-р Милан Митовски** (археолог) и **Анета Стојчевска** (скулптор).

## Реализирани Активности

Во 2024 година врз основа на Програмата за работа на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка бр. 01-264/1 од 04.12 2024 усвоена од страна на УО и потврдена од Советот на општина Кр. Паланка како и Програмата за развој на ЛУ Градски Музеј - Крива Паланка за периодот 2021 - 2024 година, Музејот реализираше повеќе активности од својата <u>основна дејност</u> и <u>проектната дејност</u>.

Музејот својата **основна и проектна дејност** ја извршуваше согласно програмата и во рамките на подолу опишаните и определени активности, вклучени ресурси и персонал како и инволвирани партнери и соработници.

| | **Заштита, валоризација, и конзервација движното културно – историското наследство на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион.** |
|---|---|

Во реализација на оваа активност беа вклучени сите вработени стручни лица во установата или вкупно 5 (пет) лица. Активноста вклучуваше континуирана целогодишна работа на основно истражување, категоризација и валоризација на музејскиот материјал кој што се наоѓа на теренот на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион и/или е собран во Музејот, како и негова селекција и евалуација, примарна заштита и конзервација.

<u>Археологија:</u> Во 2024 година во рамките на проектот: *Заштита на музејскиот материјал (археолошки предмети) од локалитет „Градиште“ с. Градец* финансиран во ГПФПНИ на Министерството за култура за 2023 година продолжија конзерваторско – реставраторски работи на музејски археолошки материјал кој потекнува од лок. „Градиште“ с. Градец, Крива Паланка (заштитини археолошки истражувања 2016 и 2017 г) – III фаза (бр. 08-192/1 од 23.11.2018 г). и беше изработен конзерваторски проект за движен музејски материјал (археолошки предмети) од локалитет „Градиште“, с. Градец, Крива Паланка (археолошки истражувања во 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 г).

<u>Етнологија:</u> Во текот на 2024 година беше продолжена постапката за подготовка на материјалите за изработка базичниот документ: Пријава на етнолошка збирка и подготовка на Елаборат за валоризација на Етнолошката музејска збирка.

<u>Историја:</u> Во текот на 2024 година беше продолжена постапката за подготовка на материјалите за изработка на базичниот документ: Пријава на историска збирка и подготовка на Елаборат за валоризација на Историската музејска збирка.
Во почетокот на 2024 година беше извршена санација на спомен-плоча на паднатите борци од НОВ во с. Конопница.

<u>Историја на уметност:</u> Во текот на 2024 година беше продолжена постапката за подготовка на материјалите за изработка на базичниот документ: Пријава на збирка од историја на уметност.

<u>Архитектура:</u> /

| | **Евиденција и документација на движното културно наследство на градот Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион** |
|---|---|

**Основен музејски материјал**

Во реализација на оваа активност беа вклучени 2 стр. лица *документатор* и *ракувач со депо*. Активноста вклучуваше континуирана целогодишна работа на основната евиденција на музејскиот материјал кој што влегува во музејот преку откуп, подароци и истражување, негова основна документација и регистрација во музејските книги и складирање.

Во 2024 година беа евидентирани и документирани **347 предмети** од кои: Археологија (47), Етнологија (214), Историја(13) и Историја на уметност (16), Технички добра (2), Фонотечни добра (31), Старопечатени книги (24) во Влезната Книга и **347 предмети во** Инвентарната Книга на Музејот.

**Придружен музејски материјал**

Архивски материјал (ОСНОВНИ ФОНДОВИ): Во реализација на оваа активност беа вклучени 4 стручни лица: *етнолог, историчар, историчар на уметност и документатор.* Активноста опфаќа евиденција, документација и регистрација на придружниот (архивски, библиотечен, фотографски, видео и аудио) материјал на **6 музејски архивски фондови** при што се регистрирани нови АЕ во следните фондови: ЕТНОЛОГИЈА: дополнување на 2 АЕ со 55 стр; ГРАД КР. ПАЛАНКА И ГРАДСКИ ЖИВОТ: 4 нови АЕ со 10 стр; ИСТОРИЈА: регистр. 6 нови АЕ со 246 стр. и дополнети 3 АЕ со нови 502 стр; АРХЕОЛОГИЈА 2 нови АЕ со 231 стр; ГРАДСКИ МУЗЕЈ: / нови АЕ со / стр; ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ: 4 нови АЕ со 40 стр; АРХИТЕКТУРА: / нови АЕ со / стр;

Архивски материјал (ДРУГИ ФОНДОВИ): Во 2024 немаше архивирање на архивски материјал во Други фондови.

Библиотечен материјал (БИБЛИОТЕКА): Во реализација на оваа активност беше вклучено 1 (едно) стручно лице *документатор.* Активноста вклучуваше целогодишна хартиена и електронска евиденција на библиотечниот материјал кој влегува во Музејот. Беа евидентирани нови **94 библиотечни единици**, за кои што беа отворени посебни картони, истите беа впишани во главната книга на библиотека, како и во електронската книга на библиотека, но и во посебните електронски книги по области. И тоа: книга на библиотека АРХЕЛОГИЈА: 25 книги; ЕТНОЛОГИЈА 0 книги; ИСТОРИЈА 4 книги; ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ 7 книги; РОДЕН КРАЈ 39 книга; ФОЛКЛОР 0 книга; МУЗЕОЛОГИЈА 1 книга; ЗБОРНИЦИ И СТРУЧНИ СПИСАНИЈА 6 книги; АРХИТЕКТУРА 1 книги; ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА 8 книги; ТУРИЗАМ 3 книги; ДРУГО 6 книги;

Во 2024 година започна внесувањето на фондот на библиотеката на Градскиот музеј во системот COBISS МК Во текот на годината беа внесени **61 библ. единици**.

Фотографски материјал (ФОТОТЕКА): Во реализација на оваа активност беа вклучені 2 стручні лица *етнолог* и *историчар на уметност.* Активноста вклучуваше и селекција на фотографискиот материјал по одделните фондови и негова дигитална обработка (скенирање). Во рамките на фондот ГРАД КРИВА ПАЛАНА И ГРАДСКИ ЖИВОТ беа дополнети 20 оригинални фотографии и 86 скенови; во фондот ИСТОРИЈА беа дополнети 4 оригинални фотографии и 44 скенирани фотографии;

Аудио материјал (АУДИОТЕКА): Во реализација на оваа активност беа вклучени 3 стручни лица: *документатор, етнолог и историчар.* Беа регистрирани нови аудио записи во следните фондови: ЕТНОЛОГИЈА: / записа со /ч и /м; ГРАД КР. ПАЛАНКА И

ГРАДСКИ ЖИВОТ: 1 запис со 3ч и 30 минути; ИСТОРИЈА: 1 запис со 1ч и 36 м; ГРАДСКИ МУЗЕЈ: / запис со / мин; ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ: / запис со / мин;

Видео материјал (ВИДЕОТЕКА): Во реализација на оваа активност беа вклучени 2 стручни лица: *етнолог* и *историчар на уметност.* Беа регистрирани нови видео записи во следните фондови: ЕТНОЛОГИЈА: 6 записа со 4ч и 30м; ГРАД КР. ПАЛАНКА И ГРАДСКИ ЖИВОТ: / запис со / мин; ИСТОРИЈА: / записи со / мин; ГРАДСКИ МУЗЕЈ: / запис со / минути; ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ: / запис со / мин;

Картографски материјал (КАРТОТЕКА): Во текот на 2024 година, продолжија активностите почетна на подготовка и селекција на картотечниот материјал по одделните фондови.

**Други регистри**

Во реализација на оваа активност беа вклучени 4 стручни лица: *етнолог, историчар, историчар на уметност и документатор.* Во текот на 2024 година континуирано се работеше на збогатување на постоечките архивски бази на податоци коишто Музејот ги води во областите кои се значајни за историјата и развојот на градот Кр. Паланка и Кривопаланечкиот регион, како што се: 1) РЕГИСТАР НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА: регистрирани 1 нов записи; 2) РЕГИСТАР НА ПОЗНАТИ И ПРИЗНАТИ КРИВО-ПАЛАНЧАНИ: 2 нови записи; 3) РЕГИСТАР НА ИМИЊА НА УЛИЦИ, МОСТОВИ И ДР. ИНФРАСТР. ОБЈЕКТИ; 1 нови записи; 4) РЕГИСТАР НА ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА 8-МИ ОКТОМВРИ; 1 нов запис; ПРИЗНАНИЕ ВО ЧЕСТ НА ПРАЗНИКОТ НА ОПШТИНАТА 8-МИ ОКТОМВРИ: 1 нов записи. ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН НА КРИВА ПАЛАНКА / (/) нов запис; и ПРИЗНАНИЕ ЗА ОСОБЕНИ ДОСТИГНУВАЊА И ПРИДОНЕС ЗА РАЗВОЈОТ И АФИРМАЦИЈАТА НА ОПШТИНА КР. ПАЛАНКА: 8 нови записи 5) РЕГИСТАР НА КРИВОПАЛАНЕЧКИ ИСТОРИСКИ ВРЕМЕПЛОВ: 1 нов записи;

**Собирање, истражување и збогатување на музејските збирки со предмети од културно – историското наследство на градот Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион**

МУЗЕЈСКИ ЗБИРКИ: Како и претходно така и во 2024 година Музејот ја продолжи својата активност за откуп и/или подарок на музејски предмети како и директни теренски истражувања за збогатување на музејските збирки (етнолошка, историска, археолошка и историја на уметност) т.е музејскиот фонд. Со неколку лица од Крива Паланка и Кривопаланечко беа склучени 2 договори за откуп и/или подарок на предмети, а од директните теренски истражување беа поднесени записници за примопредавање на движни предмети при што во 2024 година беа примени 6 археолошки, 94 етнолошки и 1 историски предмети како и 13 усторија на уметност,1 техничка култура, 31 фонотечни добра, 24 старопечатени книги предмети. Сé вкупно **Музејот прибави 170 музејски предмети.**

БИБЛИОТЕКА: Во рамките на активностите за збогатување на библиотечниот фонд на Музејот, во 2024 година беа набавени нови **12 книги** од кои: преку приватни лица / антиквари **/ стари или антикварни книги**, а преку издавачи / компании **12 наслови стручни книги** од различни области. На Музејот дополнително од приватни лица и / или установи и институции му беа донирани **/ книги** за збогатување на библиотечниот фонд. Се вкупно **Музејот прибави 12 нови книги.**

ФОТОТЕКА: Како и претходно така и во 2024 година Музејот ја продолжи својата активност за откуп и/или подарок на фотографски материјал (фотографии, картички и

разгледници). На Музејот од приватни лица и му беа донирани **10 фотографии** за збогатување на фототеката на музејот. Се вкупно **Музејот прибави вкупно 10 фотографии**

**Стручни, научни и терески истражувања на културно историското наследтво на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион**

**Кабинетски и архивски истражувања**

Во 2024 година од страна на стручните лица од некои дејности во Музејот извршија спорадични кабинетски и/или архивски истражувања и за некои теми подготвија стручни текстови:

Археологија: Во музејот нема вработено (ангажирано) стручно лице *археолог,* така што оваа година немаше кабинетски и архивски истражувања на археол. култ. наследство.

Етнологија: Стручно лице *етнолог* од Музејот целогодишно вршеше истражувања на тема обичаи и обреди за време на зимскиот циклус на празници, како и на темата Народната традиција во пределот Градечки чуки, за што подготви и стручни текстови. Дополнително ова лица работеше на подготовка на стручните статии: „Свадбените обичаи во пределот Дурачка река" и „Прочка" празник на проштевањето и очистувањето на гревовите.

Историја: Стручно лице *историчар* вршеше истражувања делумно во кабинет и делумно во Државниот Архив на РСМ на тема Познати и признати Кривопаланчани (родени 1940-1955), кое опфати околу 5 личности родени во овој период. Истото стручно лице, вршеше истражувања на тема: „Интернирањето на населението од Северо-источниот дел на Вардарска Македонија во периодото на Втората светска војна со посебен осврт на Кривопаланечкиот регион", а подготви и стручен текст за национална конференција;

Историја на уметност: Стручното лице историчар на уметност целогодишно вршеше истражувања на теми и личности поврзани со изложбите на роднокрајните автори: Стефан Младеносвки, Роберт Цветковски и Анета Стојчевска

Архивистика: Стручно лице *историчар-архивист* вршеше редовни кабинетски истражувања на културното наследство кое влегува во музејот.

**Директни теренски истражувања**

Во 2024 година стручните лица од музејот како и надворешните соработници извршија директни теренски истражувања во своите области и тоа:

Архелогија: Во текот на 2024 година под раководство на Цоне Крстевски *археолог* и стручен тим беа извршени 2 (две) теренски археолошки истражувања и тоа: Сондажни археолошки истражувања на локалитет „Стамболиска њива" во с. Псача Криво-паланечко и „Археолошки истражувања на локалитет „Градиште" с. Градец, Криво-паланечко", финансирани од ГПФПНИ на Министерството за култура за 2024 година.

Етнологија: Стручно лице *етнолог* од Музејот во месец јуни/јули изврши теренски истражувања во градот Кр. Паланка на тема: Градската култура и нејзината традиција. Друго стручно лице етнолог вршеше истражување на тема: Паланечките ора.

Историја: Во текот на 2024 година стручното лице *историчар* од Музејот, немаше директни теренски истражувања на културното наследство.

Историја на уметност: Во текот на 2024 година стручното лице *историчар на уметност,* немаше директни теренски истражувања на културното наследство.

Архитектура: Во текот на 2024 година немаше директни теренски истражувања на полето на архитектонското културно наследство.

Архивистика: Во текот на 2024 година стручното лице *историчар-архивист* немаше директни теренски и научни истражувања на културното наследство.

**Презентација и промоција и популаризација на културно – историското наследство на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион**

**Изложбени активности, настани, работилници и манифестации**

Како што е спомнато подолу согласно активностите од манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 година вкупно беа организирани повеќе од 130 настани во текот на годината од кои што во повеќето од нив Градскиот музеј се јави како ко-организатор. Само Музејот организираше **33 различни настани** во текот на 2024 година, а пружи логистичка и техничка поддршка на други институции (ОПКП) и организации (ЦАВУ) при организација на други културни активности.

Во 2024 година и во рамките на проектот: *ЛАЗО КРСТЕВСКИ (1952-2020) – ретроспективна изложба на целокупното творештво* финансиран во ГПФПНИ на Министерството за култура за 2024 година во месец Април беше организирана голема изложба на целокупното истражено творештво на кривопаланечкиот уметник и ликовен педагог Лазо Крстевски.

Во август 2024 година Музејот во соработка со Здружението РЦС „Спектар“ Кр. Паланка и во рамките на проектот: *„Не кулирај волонтирај и креирај“* финансиран во ReLOaD програмата на UNDP организираше интересна изложба: „Да го осветлиме минатото во име на иднината“.

Музејот во текот на годината вршеше активности за презентација и едукација (предавања, работилници и обуки), па така:

Во соработка со ликовните педагози од Кр. Паланка и ликовниот уметник Роберт Цветковски, скулторите Нела Јанковска, Анета Стојчевска, и графичарите Стефан Јакимовски и Стефан Младеновски беа организирани 3 работилници (1 сликарство, 1 графика и 1 скулптура) на која учествуваа 15 ученици, кои изработија дела во сите техники.

Во соработка со СОУ „Ѓорче Петров“ беше организирана презентација на која беше претставен библиотечниот фонд на Музејот пред средношколците од оваа образовна установа.

Во соработка со ООУ „Илинден“ ПОУ с. Мождивњак беше организирана работилница за изработка на мартинки по повод будењето на природата и пристигнувањето на пролетта.

Во соработка со Дневниот центар за лица со попреченост од Кр. Паланка беше организирана работилница по повод празникот Велигден.

Во соработка со РЦС „Спектар“ беше организирана работилница за истражување и презентација на културното наследство „Не кулирај-волонтирај и креирај“. Предавач Наталија Милковска, *етнолог*.

**Организација и спроведување на групни туристички посети во музејот**

Во 2024 година Музејот беше посетен од индивидуални гости или организирани групи од градот Крива Паланка, соседните и други градови во нашата држава, како и посетители од странство, пред сè од Р. Бугарија, Р. Србија но и од други европски и

светски држави. Според евиденцијата во 2024 година, Музејот го посетија вкупно **1.500 посетители**, од кои што повеќето беа од организираните **26 групи** кои што спорадично или целно беа гости на нашиот музеј и нашиот град.

**Подготовка и печатење на книги, публикации и промотивен материјал**

Музејот во рамките на својата основна дејност редовно подготвува и публикува различни типови на книги, публикации, промотивен и рекламен материјал.

Во 2024 година во рамките на проектот: *ЛАЗО КРСТЕВСКИ (1952-2020) – ретроспективна изложба на целокупното творештво* беше подготвен и испечатен пригоден каталог подготвен од авторот Ѓорѓи Костовски, *историчар на уметност*.

Во 2024 година во рамките на проектот: *Infinity / Бесконечност – изложба на Ирена Паскали* финансиран во ГПФПНИ на Министерството за култура за 2024 година беше испечатен пригоден каталог.

Во 2024 година во рамките на проектот: *Портрети и нивните луѓе – изложба од Александра Гедеон* финансиран во ГПФПНИ на Министерството за култура за 2024 година беше испечатен пригоден каталог.

Во 2024 година во рамките на изложбата *Еве го човекот – изложба на графики од Стефан Младеновски* беше испечатен пригоден каталог.

Во 2024 година во рамките на изложбата *Дневник – изложба на графики од Стефан Јакимовски* беше испечатен пригоден каталог.

Во 2024 година во рамките на изложбата *Времеплов – изложба / инсталација на Анета Стојчевска* беше испечатен пригоден каталог.

Во 2024 година во рамките на проектот за издавање на книгата: *Градежништвото во Крива Паланка 1945 – 2018* од дги. Стојо Милковски, преку ангажман на стр. лице графички дизајнер материјалот беше целосно подготвен за печатење. Книгата ќе биде испечатена следната 2025 година.

Во 2024 година во рамките на проектот: *Крива Паланка во моето детсво* финансиран во ГПФПНИ на Министерството за култура за 2024 година беше подготвен за печатење материјалот за истоимената кига од Димитринка Котуровиќ под уредништво на Драган Величковски, *етнолог*. Книгата ќе биде испечатена следната 2025 година.

За потребите од промоција (реклама) на настаните и активностите кои беа организирани во/од Музејот беа подготвени и испечатени **33 сета на покани, плакати и банери** за различни настани. Поканите во хартиена и ел. форма (емаил) беа редовно дистрибуирани до сите локални институции и установи: општинско раководство, советници, директори и раководители, како и до потенцијалната публика. Плакатите во хартиена форма редовно беа дистрибуирани на инфо таблите низ градот и редовно беа објавувани на социјалните мрежи: Facebook и Instagram. Истовремено на Фејсбук профилот на музејот беа креирани **33 ФБ настани.**

Во рамките на редовните одбележувања на историски настани и јубилеи, народни празници и други важни моменти беа објавени 13 објави на социјалните мрежи и тоа во следните едиции: 8 во КРИВОПАЛАНЕЧКИ ИСТОРИСКИ ВРЕМЕПЛОВ, 1 во УЧИМЕ ЗА МИНАТОТО, 4 во ПРАЗНИЦИ И ОБИЧАИ И КРИВОПАЛАНЕЧКО, / во ОД МУЗЕЈСКАТА БИБЛИОТЕКА, / во РЕТРОКРИВАПАЛАНКА со цел промоција и популаризација на културно-историското наследство на Кривопаланечко.

**Управно – правни – статусни работи, архивско работење, деловодство, сметководство, јавни набавки, работа на УО и други тековни работи на музејот.**

Во почетокот на 2024 година Музејот ги подготви и испрати редовните статистички извештаи со потребните податоци до МИОА, Државниот завод за статистика и Народниот правобранител и МПСОМЗ Скопје.

Во текот на 2024 година во Деловодникот на Музејот се впишани **286 деловодни архивски бројки**. Од нив 40 (четириесет) се со категоризацијата трајна архивска граѓа, а извештајот за нив е испратен во ДАРСМ.

Во текот на 2024 година директорот на Музејот во соработка со Одделението за финансии на општина Кр. Паланка кое го води сметководството на Музејот обработи и исплати **156 фактури** од кои 2 пропратени со договори за набавка на стоки односно услуги со правни лица и **38 договорни услуги со физички лица.**

Стручните лица во одделението за финансии го подготвија Буџетот за Музејот за 2025 во програмата К3 – Музејска и кинотечна дејност како и кварталните планови за негова реализација. Овие лица ги изработија и поднесоа до МФ, ЦРМ и ДЗР Даночниот биланс и Завршните сметки на Музејот за 2023 година за двете трезорски сметки: 603 и 787 и редовно ги подготвуваат сите извештаи кон МФ (СПО, ДБ, БЈН и сл).

Во текот на 2024 година директорот на Музејот и Комисијата за јавни набавки во соработка со Одделението за правни работи на општина Кр. Паланка, преку овластеното лице (државен службеник во општината) спроведе **2 јавни набавки:**

- Јавна набавка за печатење на книги, публикации и промо.материјал (291.695 ден)
- Јавна набавка за реконструкција и санација во котлари на тоалети и магацински простор (341.008 ден)

Во текот на 2024 година директорот на Музејот во координација со стручниот колегиум на музејот директно склучи **3 договори** за набавка на стоки и обезбедување на услуги за проекти и/или активности на Музејот и тоа:

- Договор за обука,одржување на софтвер и користење на сервер (18.600 ден)
- Договор за надзор над градежни работи за реконструкција (15.000 ден)
- Договор за измена и дополнување на проектна документација – школо с. Градец (70.800 ден)

Во текот на 2024 година Управниот одбор на Музејот (во соработка со директорот и Одделението за правни работи на општина Кр. Паланка) одржа **3 седници на УО** каде беа подготвени и донесени следните акти и одлуки кои ја уредуваат работата на Музејот: **V – седница 19.02 2024:** Извештај за работа на установата за 2023 г; Завршна сметка за 2023 за сметката 603 и Завршна сметка за 2023 г за сметката 787; Финансиски извештај за 2023 г; Одлука за усвојување на измени и дополнување на правилник за исплата на плати и други надоместоци; Записник. **VI – седница:** Одлука за донесување на план за заштита и спасување; Одлука за формирање на штаб за заштита и спасување; Одлука за формирање на единица за заштита и спасување; Одлука за донесување на правилник за заштита од пожари и експлозии; Одлука за донесување на правилник за заштита од поплави и природни непогоди; Одлука за усвојување на план; Записник **VII седница 04.12 2024:** Годишна програма за работа за 2025 г: Финансиски план / Буџет за 2025 година; Ценовник на билети и др. услуги за 2025г; Користење на возило за службени потреби за 2025г: Записник;

Инвестициски активности

**Подготовка на планови, технички проекти и идејни решенија**

Во текот на 2024 година Музејот финализираше постапката за изработка на основен проект за партерно уредување на дворното место зад Музејот при што фирмата ДПИТУ

„МГ Проект“ од Скопје достави: ОСНОВЕН ПРОЕКТ за партерно уредување на дворното место кај Градски Музеј со тех. бр. ОП-79/24 којшто беше вклучен во апликацијата за проектот на ИНТЕРРЕГ ИПА ПГП Бугарија – РС Македонија.

Во текот на 2024 година заради подготовка на финалната апликација за проектот CULTURAL AREA со којшто Музејот во соработка со РИМ Ќустендил, ОИМ Дупница и ОУ Музеј на град Кратово аплицираше на ИНТЕРРЕГ ИПА ПГП Бугарија – РС Македонија се јави потреба од **измена и дополнување на проектна документација – 1 (прв дел)** од ОСНОВЕН ПРОЕКТ за партерно уредување на градежна парцела и поставување на монтажни објекти (од времен карактер) на КП 3102, КП 3101 и КП 1388/3 на локација „СТАРО ШКОЛО“ во с. Градец, КО Градец, Општина Крива Паланка со техн. бр. 04-97 /2022 заради усогласување со барањата од апликацијата за проектот. Фирмата ДПИГК „Параметар“ Скопје по претходно склучен договор ги изврши потребните измени и дополнувања и проектот беше вклучен во апликацијата за проектот на ИНТЕРРЕГ ИПА ПГП Бугарија – РС Македонија.

Во средината на 2024 година претставници на Музејот учествуваа во изработката на техничко решение за бетонирање на партер за мизан-сцена и сценска позадина на летниот театар на градскиот плоштад, како и изработка на челична конструкција за сценска позадина на бината на Градскиот плоштад.

**Градежни работи и тековно одржување**

Во текот на 2024 година Музејот своите активности за градежни работи и тековно одржување во рамките на годишната програма ги концентрираше на подобрување на логистичките перформанси за потребите од реализација на програмата на манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА – ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024.

Во текот на година беа извршени градежно – монтажни работи за инсталација на систем за парно греење во археолошката сала на објектот на Музејот согласно со договорот за јавна набавка склучен во 2023 година со фирмата ПМИЗ „Енергомонтажа“ Скопје. Активностите финансиски беа поддржани од општина Крива Паланка и делумно од Министерството за култура.

Кон крајот на 2024 година (после спроведената јавна набавка) започнаа активностите за реконструкција и санација во котлари на тоалети и магацински простор. Градежните работи ги изведува фирмата ДПГТУ „Белешков - инженеринг“ од Кр. Паланка. Овие активности финансиски се поддржани од општина Крива Паланка и делумно од Министерството за култура. Овие градежни активности ќе продолжат и во почетокот на 2025 година.

**Набавка на техничка опрема, мебел, алат и други ситен инвентар и сл.**

Во текот на 2024 година во рамките на програмските активности како и активностите кои произлегуваа од манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА – ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 беа набавени следните технички и логистички средства: чаршави (10 парчиња), тенди (3 парчиња), мини блу-тут звучник (1 парче), ногарки за бина (40 парч.) и разл. рачен ситен алат (8 парч.) кои придонесоа (но и во иднина ќе придонесуваат) за олеснување на организационо – техничките работи за и околу спроведување на настаните на отворено во Музејот и општината.

За потребите на проектот за „Реорганизација на библиотечните, архивските и музејските депоа“ финансиран од ГПФПНИ за 2024 година беше набавен метален ормар (1 парче) за чување на збирката на старопечатени книги.

| | Друго |
|---|---|

**Стимулирање на локалното производство на сувенири и ракотворби**

Во Музејот заради директна презентација, популаризација и едукација на општата јавност за кривопаланечкото културно историско наследство, ракотворството како и современата уметност и книжевност работи и продавница за сувенири, ракотворби, книги, каталози и публикации.

Во 2024 година за потребите на музејската сувенирница Музејот склучи **1** договор за откуп на локални сувенири и рачни изработки – ракотворби, а беше набавена мала количина на комерцијални сувенири како и мала количина на публикации како и рекламен материјал.

## Организација на настани и манифестации

Во 2024 година Општина крива Паланка ја доби титулата КРИВА ПАЛАНКА – ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024. Во рамките на програмата на оваа манифестација беа реализирани повеќе од **130 настани**. Истите беа спроведени од општина Крива Паланка, културните установи во градот: НУ Центар за култура и ЛУ Градски Музеј, како и од здруженијата кои работата во сферата на културата.

Во рамките на оваа програма Музејот учествуваше како организатор или одговорен коорганизатор во најголем дел од истите. Музејот во 2024 се јави директно како организатор или одговорен коорганизатор на **33 настани** кои ги опишуваме подолу:

| Ред. број | Опис | Датум |
|---|---|---|
| | **ЈАНУАРИ** | |
| 1 | Бадник 2024 и Бадникови поворки – коорганизација на настанот во соработка со ОПКП и НУЦК<br>Локација: Гадски плоштад | 06.01 2024 |
| 2 | ВОДИЦИ 2024 и Пифтијада – коорганизација на настанот во соработка со ОПКП и НУЦК<br>Локација: Кеј на Крива река и Градски плоштад | 19.01 2024 |
| | **ФЕВРУАРИ** | |
| 3 | Одбележување на 8-ми февруари денот на ХТ Карпош и денот на фабриката ТРО „Карпош"<br>Локација: Парк-споменик Вера Јоциќ | 08. 02 2024 |
| | **МАРТ** | |
| 4 | Прес-конференција – КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024<br>Локација: НУ Музеј на македонската Борба Скопје | 06. 03 2024 |
| 5 | СУСУРИГА 2024<br>Локација: Гадски плоштад | 16.03 2024 |
| 6 | Целовечерен Концерт на Каролина Гочева<br>Локација: НУ Центар за култура | 23.03 2024 |
| 7 | Невестинско Поклонение 2024 – коорганизација на настанот во соработка со Здружение ПАТНИК, ОПКП и НУЦК<br>Локација: црква Св. Никола, с. Конопница | 24.03 2024 |
| | **АПРИЛ** | |
| 8 | ДЕН НА ШЕГАТА – 1- ви Април<br>Локација: Градски плоштад | 01.04 2024 |
| 9 | Ретроспективно-монографска изложба ЛАЗО КРСТЕВСКИ | 12.04 2024 |

| | | |
|---|---|---|
| | Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | |
| 10 | Промоција на Кривопаланечки драми од Страхил Алексиќ<br>Локација: НУ Центар за култура | 19.04 2024 |
| 11 | Промоција на Кривопаланечки старградски песни (урендик Филип Додевски) и пригоден концерт<br>Локација: НУ Центар за култура | 26.04 2024 |
| | **МАЈ** | |
| 12 | ВЕЛИГДЕНСКА ТРАДИЦИЈА 2024<br>Локација: Градски плоштад | 05.05 2024 |
| 13 | Изложба "INFINITY – БЕСКОНЕЧНОСТ" од Ирена Паскали<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 30.05 2024 |
| | **ЈУНИ** | |
| 14 | Изложба на цртежи од Љубе Чаловски<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 14.06 2024 |
| 15 | Изложба на цртежи од Стефан Хаџиниколов<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 29.06 2024 |
| | **ЈУЛИ** | |
| 16 | Поетско-музичка вечер ЧИТАМЕ МУЗИКА<br>Локација: ЛУ Градски музеј – плато | 06.07. 2024 |
| 17 | ГИГА ФЕСТ 2024 – проекцијата на документарниот филм „Лука" во режија на Ице Виранов, како и музички перформанс на Стевро и Џејд<br>Локација: ЛУ Градски музеј – плато | 25.07 2024 |
| 18 | ART & MUSIC / УМЕТНОСТ И МУЗИКА –изложба на дела од работилници за уметност, завршна изложба и концерт<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија и плато | 27.07 2024 |
| 19 | ГИГА ФЕСТ 2024 – проекцијата на документарниот филм „The HIP – brainstorm"во режија на Јане Алтипармаков<br>Локација: ЛУ Градски музеј – плато | 31.07 2024 |
| | **АВГУСТ** | |
| 20 | 2-ри Август ДЕН НА ВОСТАНИЕТО – оддавање почит и организација на програма за свеченоста<br>Локација: Плоштад Карпошово востание | 02.08 2024 |
| 21 | Изложба „Да го осветлиме минатото во име на иднината" во соработка со РЦС „Спектар"<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 10.08 2024 |
| 22 | Изложба „ Портрети и нивните луѓе" од Александра Гедеон<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 16.08 2024 |
| 23 | Изложба на графики „ Еве го човекот" од Стефан Младеновски<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 30.08 2024 |
| | **СЕПТЕМВРИ** | |
| 24 | 8-ми Септември ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА – оддавање почит<br>Локација: Плоштад Карпошово востание | 08.09 2024 |
| 25 | Изложба на дела од Роберт Цветковски<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 14.09 2024 |
| 26 | Промоција на „СЛАВИШКИ ЗБОРНИК" бр. 4<br>Локација: општина Крива Паланка – голема сала | 20.09 2024 |
| | **ОКТОМВРИ** | |
| 27 | 11-ти Октомври ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ – оддавање почит<br>Локација: Плоштад Карпошово востание | 01.10 2024 |

| | | |
|---|---|---|
| 28 | Гостување на операта „Трите тенора и уште нешто“<br>Локација: НУ Центар за култура | 17.10 2024 |
| | **НОЕМВРИ** | |
| 29 | Концерт на Женски Младински Хор – МКЦ<br>Локација: Црква Свети Димитриј | 09.11 2024 |
| 30 | КУЗ РАСПЕАНИ ПЛАНЧАНИ – јубилејна изложба и концерт<br>Локација: ЛУ Градски музеј – етнолошка сала и уметничка галерија | 11.11 2024 |
| 31 | Изложба на цртежи од Петар Намичев и откуп<br>Локација: ЛУ Градски музеј – етнолошка сала | 15.11 2024 |
| | **ДЕКЕМВРИ** | |
| 32 | Изложба „РЕОТКРУЖЕНО“ од Марина Цветановска – Мартиновска, МИрослава Цветковиќ, Александар Симоновски и Марија Мицова<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 16.12 2024 |
| 33 | Изложба / инсталација „ВРЕМЕПЛОВ“ од Анета Стојчевска<br>Локација: ЛУ Градски музеј – уметничка галерија | 27.12 2024 |
| | **ВКУПНО: 33 настани** | |

## Учество на конференции, семинари и обуки

Во 2024 година стручните лица од Музејот во рамките на програмата и вонредно во согласно со можностите и времето, учествуваа на следните активности кои ги опишуваме подолу:

| | Име / Опис | Организиран од: | место | датум | продонес со |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5 – та Форумска сесија „Зајакнување на општинските совети“ | ОПКП, UNDP, SDC и МЛС | Крива Паланка | 26.01 2024 | дискусија |
| 2 | Работилница за туризам | ОПКП, ГЛ | Лесковац | 28. 02 2024 | презентација |
| 3 | Работилница / обука „Не културај – волонтирај“ | РЦС „Спектар“ UNDP – ReLOaD2 | Крива Паланка | 28.03 2024 | презентација |
| 4 | „Младите за соживот и мултиетничка толеранција „ЗАЕДНО“ | Здружение „ПРОФИЦИО“ Битола | Крива Паланка | 10.03 2024 | презентација |
| 5 | Меѓународен Научен собир „Антифашизмот помеѓу меморијата и заборавот“ | ЈНУ ИНИ и МАНУ | Скопје | 13-15. 09 2024 | презентација на стр. труд |
| 6 | Културата во Крива Паланка некогаш и сега | РЦС „Спектар“ и НВО Инфо Центар | Крива Паланка | 14.12 2024 | панелист |

## Присуство во медиумите и јавноста

Во 2024 година стручните лица од Музејот во рамките на програмата и вонредно согласно можностите и времето учествуваа во или публикуваа вести и материјали за промоција и презентација на настаните и активностите на Музејот:

| Ред. број | Име / Опис | Медиум / мрежа | Број / количина | датум | Учество со |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Настани, објави и фотографии за промоција | Facebook | 33 | целог. | објави |
| 2 | Боите на Македонија со Димитар Делевски | Македонско радио | 1 | 06.01 2024 | Вклучување во живо |
| 3 | Утринска програма | Македонско радио | 1 | 19.01 2024 | Вклучување во живо |
| 4 | Преку КПГК 2024 | Многу медиуми | 130+ | целог. | објави |

## Подготовка на апликации и пријави за проекти

Л.У Градски Музеј во 2 и 3 квартал на 2024 година година изработи и поднесе **16 проектни апликации** за проекти поврзани со музејот и музејската дејност. Истите ги опишуваме во овој извештај и доколку добијат финансирање нивните активности ќе бидат имплементирани во 2025 година согласно предвидената динамика во проектните пријави.

| Ред. бр | Дејност / име на проектот | Поднесен до | Вкупен буџет на проектот | Побарани средства од МК | Статус | Одобрени средства за 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Музејска дејност** | | | | | |
| 1 | ГРАДСКИ МУЗЕЈ – ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСЕН МУЗЕЈ | МК ГПФПНИ 2025 | 400.000 | 200.000 | X | 0 |
| 2 | Реорганизација на музејските депоа | МК ГПФПНИ 2025 | 150.000 | 130.000 | √ | 102.000 |
| 3 | Патот на стомната до изворот | МК ГПФПНИ 2025 | 51.000 | 45.000 | X | 0 |
| 4 | МУЗЕЈКО – изведба на детска едукативна училница | МК ГПФПНИ 2025 | 4000.000 | 380.000 | X | 0 |
| | **Дејност- заштита на културно наследство** | | | | | |
| 5 | Археолошки истражувања на лок. „Градиште"с. Градец, Кривопаланечко | МК ГПФПНИ 2025 | 240.000 | 220.000 | X | 0 |
| 6 | Славиште на преминот од доцната антика во средниот век – Сонда-жно археолошко рекогнсцирање во с. Псача, Кривопаланечко II | МК ГПФПНИ 2025 | 330.000 | 300.000 | X | 0 |
| 7 | Заштита на спомен обележјата од НОБ - II | МК ГПФПНИ 2025 | 210.000 | 190.000 | X | 0 |
| | **Библиотечна дејност** | | | | | |
| 8 | Обука за библиотекари за користење на програмска поддршка COBISS | МК ГПФПНИ 2025 | 120.000 | 100.000 | X | 0 |
| | **Меѓународна дејност** | | | | | |
| | / | | | | | |
| | **Интердисциплинарни проекти** | | | | | |
| | / | | | | | |
| | **Визуелни уметности,** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **архитектура и дизајн** | | | | | |
| 9 | Изложба „ Велика је грешка убијати понедељком" од Стефан Стефановиќ | МК ГПФПНИ 2025 | 265.000 | 245.000 | √ | 76.500 |
| 10 | Art & Music – Уметност и музика Работилници и изложба | МК ГПФПНИ 2025 | 357.000 | 337.000 | X | 0 |
| 11 | АЛЕКСАНДАР НИКОЛОВ – Ретроспективно – монографска изложба | МК ГПФПНИ 2025 | 190.000 | 160.000 | X | 0 |
| 12 | Самостојна изложба на Стефан Анчевски | МК ГПФПНИ 2025 | 159.000 | 141.000 | √ | 51.000 |
| | **Издавачка дејност** | | | | | |
| 13 | Михаил Ив. Македонски, Материјали за историјата на град Криворечна Паланка | МК ГПФПНИ 2025 | 110.000 | 100.000 | X | 0 |
| | **Фолкорна дејност** | | | | | |
| 14 | Шопско село 2025 – фестивал за етнологија и фолклор | МК ГПФПНИ 2025 | 320.000 | 300.000 | X | 0 |
| | **Манифестации и фестивали** | | | | | |
| 15 | ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ ВИБРАЦИИ 2024 – фестивал за некомерцијална музика | МК ГПФПНИ 2025 | 140.000 | 120.000 | X | 0 |
| | **Инвестиции** | | | | | |
| 16 | CULTURAL AREA | INTERREG IPA CBC Bulgaria North Macedonia | 387.000 | 387.000 | E | 387.000 ЕУР |

## Финансирање

Согласно законските решенија и актите на Советот на општина Крива Паланка активностите за одвивање на основната дејност на ЛУ Градски Музеј - Крива Паланка беа финансирани од буџетот на општина Крива Паланка од програмата *К3 – Музејска и кинотечна дејност* и од буџетот на РС Македонија во рамките на ГПФПНИ во културата на Министерството за култура за 2024 година.

## Завршни одредби

Предложениот Ивештај за работа на Л.У Градски Музеј – Крива Паланка во 2024 година се однесува за периодот од 01 Јануари 2024 до 31 Декември 2024. Во извештајот детално беа опишани институционалната и инвестиционата компонента во исполнување на активностите за остварување на основната и проектната дејност на Музејот во 2024 година.

Л.У Градски Музеј – Кр.Паланка
директор

Драган Величковски

Локална установа од областа на културата
ГРАДСКИ МУЗЕЈ
Бр. 02-51/2
11. 02 2025 год
Крива Паланка

Врз основа на член 21 од Статутот на Л.У Градски Музеј – Крива Паланка (бр. 02-78/1 од 01.06 2017), а во врска со член 12 став 3 од Законот за музеите (Службен весник на РМ бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 85/15, 152/15 и 39/16), Управниот Одбор на установата на седницата одржана на 11.02.2025 година донесе

# ОДЛУКА

За предлагање на Годишен извештај за работа на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка за 2024 г. за усвојување до Советот на општина Кр. Паланка

**Член 1**

Со оваа одлука се предлага усвојување на Годишен извештај за работа на ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка за 2024 г од страна на Советот на општина Кр. Паланка.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на нејзиното потпишување.

**Претседател на УО:**

**Цоне Кретевски**

**М.П**